Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022

Извадок на дел од дневни настани 17.03.2022

На 16.03.2022, полициски службеници од СВР Скопје ја лишиле од слобода М.А.(45) од Скопје. Таа се сомничи дека во претходниот период извршила кражби во три станови во Скопје, при што одзела накит со вкупна вредност од околу 960.000 денари. Таа била пријавена на 14.03.2022 од сопствениците на трите станови, каде повредено било ангажирана за чистење, дека ја искористила нивната доверба и во повеќе наврати одзела поголема количина златен накит. На 16.03.2022, врз основа на судска наредба, биле извршени претреси во домот на М.А. и во домот на нејзината мајка, при што бил пронајден дел од накитот, кој бил вратен на сопствениците. М.А. била приведена во полициска станица и по целосно документирање на случајот против неа ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.03.2022 во 11.50 часот на ул.„Мајка Тереза" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Н.О.(43) од Скопје. Тој се сомничи дека неколку минути претходно со употреба на сила одзел златен накит од Н.А.(49) од Скопје. Исто така, тој се сомничи дека на 02.03.2022 на ул.„11-ти Октомври" во Скопје извршил тешка кражба на дрзок начин над В.Д. од Скопје. Тој бил приведен во полициска станица,а одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопствениците. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.03.2022 околу 15.20 часот во Неготино-Полошко, полициски службеници на СВР Тетово-Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 22-годишниот С.Т. од ова село поради сомнение дека одзел мобилен телефон од 36-годишен жител на тетовска Голема Речица Предметот бил пронајден и вратен на сопственикот. Се документира случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.03.2022 околу 21.20 часот на регионалниот пат во тетовско Долно Палчиште, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода А.К.(24), М.С.(29) и Ф.И.(23), тројцата од ова село, затоа што при нивен и преглед на возилото „форд" со тетовски регистарски ознаки, во кое се превозуваше, а го управувал А.К., била пронајдена марихуана. Тројцата се задржани во Полициската станица Тетово за расчистување и документирање на случајот и против инволвираните ќе следуваат поднесоци.

На подрачјето на Секторот за внатрешни работи Тетово вчера (16 март) од 6 до 10 часот на 7 локации (ТЕ-2 и ГВ-5) била спроведена акциска контрола на возила кои вршат јавен превоз на ученици, најмногу автобуси, минибуси и такси комбиња.При контролата откриени и законски санкционирани се вкупно 16 прекршоци (ГВ). Две возила ги немале потребните документи за вршење јавен превоз и нивните сопственици ќе се соочат со поднесоци по член 284-А од Кривичниот законик, кај 3 возила констатиран е претовар, двајца возачи немале лекарски уверенија или зборувале на мобилен телефон, а по 1 возач не користел сигурносен појас, поминал на црвен сигнал и не ја намалил брзината пред крстосница. Покрај тоа, 4 лица во возилата немале заштита на лицата, односно не ги почитувале владините мерки и препораки за заштита од ширење на „ковид-19".

На 16.03.2022 во 20.30 часот во СВР Тетово било пријавено дека во кругот на Казнено-поправната установа Затвор „Тетово" во Тетово била пронајдена марихуана. Увид извршила екипа од СВР Тетово, а пронајдената марихуана била подигната за понатамошна постапка. Се работи на расчистување на случајот.

На 16.03.2022 околу 18.45 часот во двор на тетовско средно училиште, полициски службеници на СВР Тетово, во присуство на нивните родители, лишиле од слобода двајца малолетници од тетовско село – ученици во училиштето затоа што кај нив била пронајдена марихуана. Се расчистува и документира случајот, по што ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.03.2022 во 14.36 во СВР Штип било пријавено дека при извршување работни задачи во фирма во индустриска зона во Штип пронајдена е минофрлачка граната 82 мм, која потекнува од Втората светска војна. Полициски службеници од СВР Штип извршиле увид на местото, а гранатата била подигната од претставник на Дирекцијата за заштита и спасување.

На 16.03.2022 во 21.50 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници го лишиле од слобода Х.А.(33) од Дебар затоа што евидирал на Стоп -Листа од МВР-Сектор за меѓународна полициска соработка-Одделение за потраги, поради постоење основи на сомневање дека е извршител на кривично дело „измама" казиново по чл.247 од Кривичен законик на РСМ. Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Гостивар за понатамошна постапка.

На 16.03.2022 во 23.15 часот во Охрид, полициски службеници од Полициска станица Охрид го привеле А.Х.(47) од Република Албанија поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „тешка телесна повреда", казиново по член 131 од Кривичен законик. Лицето е задржано во Полициска станица Охрид и известен е Јавен обвинител за понатамошна постапка.

На 16.03.2022 на подрачјето на СВР Штип била спроведена акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 19 прекршоци, од кои 13 надвор од населено место и 6 во населено место. Санкционирани биле и 32 другви видови на прекршоци, од кои 6 за управување возило без возачка дозвола, 1 за технички неисправно возило, 2 за управување возило под дејство на алкохол, 2 за непросечно престигнување, 1 за некористење сигурносен појас, 4 за користење мобилен телефон, 5 за прекршоци сторени од пешаци, 1 за некористење заштитен шлем, 1 за непросечно престројување и 9 за непрописно паркирање.

На 16.03.2022 на територијата на СВР Битола, полициски службеници спроведоа акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. Притоа, санкционирани биле 20 возачи, од кои 2 на територија на Ресен, 3 на територија на Битола, 3 санкции на територијата на Прилеп, 10 во Македонски Брод и 2 санкции во Демир Хисар.

На 16.03.2022 во 18.40 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница на бул. „Босна и Херцеговина" и сервисна улица се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „мерцедес" со скопски регистарски ознаки, управувано од Д.Т.(19) од Скопје, патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ј.Д.(29) од Скопје и патничко моторно возило „ауди" со скопски регистарски ознаки, управувано од Ф.С.(56) од Скопје, по што удрите во тројца пешаци. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила малолетничка-пешак, а со телесни повреди се здобиле уште две малолетнички-пешаци, како и возачите Ј.Д. и Д.Т., констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза", Градската општа болница „Св.Наум Охридски" и Градска општа болница „8-ми Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.03.2022 во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул. „Христијан Тодоровски Карпош" и ул.„Ферид Бајрам" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „опел зафира" со скопски регистарски ознаки управувано од Х.И.(26) од Скопје и патничко моторно возило „опел зафира" со скопски регистарски ознаки управувано од Р.Ф.(47) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот Р.Ф., а сопатникот од истото возило Ј.И.(35) од Скопје се здобил со телесни повреди констатирани во Комплексот клиники "Мајка Тереза". Со телесни повреди се здобил и возачот Х.И. констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 16.03.2022 во 21.00 часот во Полициската станица Карпош, А.А.(27) од Скопје пријавила дека на ул.„Јан Хус" била касната од куче скитник.

Денеска (17.03.2022), полициски службеници од СВР Струмица го лишиле од слобода Х.М.(21) од село Банско, струмичко. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, била пронајдена и одземена марихуана.За настанот бил известен Јавен обвинител од Основно јавно обвинителство Струмица и по целосно документирање на случајот ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 16.03.2022 околу 21.30 часот на улицата „15 корпус" во Охрид, полициски службеници од СВР Охрид го лишиле од слобода М.Т.(21) од Охрид затоа што кај него била пронајдена марихуана. Тој бил приведен во полициска станица и по целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Д.П.(39) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 10.05.2021 полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што кај него била пронајдена и одземена марихуана.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против М.А.(35) од с.Мала Речица, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама". На 16.02.2022 во деловен објект во с.Голема Речица, пријавениот со закана, поради претходно нерасчистени меѓусебни односи за наводен финансиски долг, од И.А. од с.Голема Речица барал да му го врати наводниот долг во износ од 22.000 евра. Тој, исто така, оштетил стакло од објектот и едно возило на правното лице.

Денеска (17.03.2022) во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека на крстосница од ул.„Франклин Рузвелт" со ул.„Орце Николов" во Скопје, патничко моторно возило „сеат ибица" со скопски регистарски ознаки, управувано од Х.Г.(24) од Скопје, удрило во К.Р.(40) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила К.Р., констатирани во Градската општа болница „8-ми Септември". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против Ш.С.(47) од с.Неготино, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 14.03.2022 во Гостивар, полициски службеници извршиле преглед над пријавениот, при што пронашле и одзеле хероин.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Х.Б. (22) од Охрид поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги и психотропни супстанци и прекурсори". На 08.06.2021 во с.Велгошти, полициски службеници извршиле преглед кај пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана.

На 16.03.2022 во 21.40 часот пред угостителски објект на подрачје на Карпош, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го привеле С.С.(30) од Скопје затоа што со тврд предмет оштетил полициско возило и физички нападнал полициски службеник кој извршувал службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 16.03.2022 во 23.30 часот во Полициската станица Неготино, Н.Р.(54) од Неготино пријавил дека во 20.30 часот во с.Петровец, скопско тој и С.Г. од Неготино биле физички нападнати од три лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 16.03.2022 во Полициската станица Центар било пријавено дека од Јавна установа за згрижување деца се одлалечил нивниот штитеник Ч.С.(15) од Скопје, кој и претходно се одлалечувал од установата. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 16.03.2022 во 17.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Лазар Трповски" во Скопје, неколку лица физички го нападнале Т.Т.(40) од Куманово и му одзеле пари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.